Бобан ПЕТРОВСКИ

# ПРИЛОГ КОН ПРАШАЊЕТО ЗА ПАЃАЊЕТО НА ШТИП ПОД СРПСКА ВЛАСТ ВО ПРВАТА ДЕЦЕНИЈА НА XIV ВЕК

Прашањето за паѓањето на Штип под српска власт во првата деценија на XIV век не е целосно расветлено во историската наука. Тоа пред сè се должи на денешната состојба со изворни сведоштва кои го третираат посоченово прашање бидејќи во нив се сретнуваат нецелосни и наместа, навидум, контрадикторни податоци. Оттука и во историографијата не се наидува на унифицираност во поглед на ова прашање.

Капиталните изворни податоци за паѓањето на Штип под српска власт во критичниов период се содржани во Договорот познат како: „Littera conferationum et alligacionum factarum inter dominum Karolum Valesii imperatorem Constantinopolitanum et regem Rasie Urosium nomine" (Договор за сојуз и пријателство направен меѓу господинот Карло Валоа император Константинополски и кралот Урош)[1] кој бил склучен на 27 март 1308 г. во Франција, меѓу поверениците на српскиот крал Милутин и претендентот на византискиот престол, францускиот принц Карло Валоа[2], а бил ратификуван неколку месеци подоцна во Србија.

Базирани на текстот на овој договор и кратката белешка внесена во него, при неговата ратификација во Србија, денес во историската наука се издиференцирале главно три мислења во поглед на судбината на Штип во третираниов период: (1) Потврда дека Штип бил во составот на српската држава уште пред потпишувањето на договорот (по првите српски освојувања во Македонија 1282-1284г.); (2) Милутин, имајќи ги предвид добрите српско-византиски односи, не го поседувал, но само полагал право на градот Штип; (3) Штип е освоен од Србите во временскиот интервал меѓу потпишувањето на договорот во Франција и неговото ратификување во Србија.

[1] Текстот на договорот (со превод и коментар) последни го издадоа В.Мошин - Л.Славева, Договорот на крал Урош II Милутин со К. Валоа од 1308 г. за поделба на Византиска Македонија. Текст според изд. на L.Mavromatis, со превод на македонски јазик од Л. Славева. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија (натаму Споменици). Том II, Скопје 1977, 417-441.

[2] Карло Валоа по венчавката со Катерина Куртене, внука на латинскиот цар Балдуин II ја презел титулата на нејзиниот дедо, а потоа за неколку години успеал околу себе да ги привлече многубројните непријатели на Византија, вклучувајќи го и српскиот крал Милутин и да направи мошне силен сојуз кој би му овозможил вистински да загосподари со Византија. Спореди: Историја српског народа. I, Београд 1981,455-456; Г. Острогорски, Историја на Византија, Скопје 1992, 590,599.

Пред да преминеме на поединечно разгледување на споменативе тези, неопходно е најпрво да видиме што всушност содржи самиот текст на договорот.

Во договорот, директно вперен против Византија, покрај другите одредби, било предвидено дека Карло Валоа ќе му ги подари на српскиот крал земјите заедно со тврдините што се наоѓаат внатре во нивните меѓи, а кои Милутин „мирно ги држи и притежава". Таа територија во договорот е двојно опишана: со имиња на пределите (**contrate**) кои ги држи кралот и со наведување на границите до кои тие предели се простираат. Границите, притоа, поблиску се определени со имињата на градовите, кои според реченото во договорот не припаѓаат на крал Милутин:

„Hec autem nomina sunt terrarum de quibus tangitur superius videlicet contrata a confinibus castri nomine Prilep,[3] usque ad confines castri nomine Prisec **et contrata Ouciepoullie, usque ad confines castri nomine Stip** et contrata de Deber ..." (А ова се имињата на земјите за кои горе споменавме: земјата од меѓата на тврдината наречена Прилеп до меѓата на тврдината наречена Просек **и земјата Овче Поле до меѓите на тврдината наречена Штип** и земјата Дебер...)[4]

Но кога се вратиле Милутиновите повереници, заедно со повереницsmåиците на Карло Валоа и кога пред нив српскиот крал го ратификувал договорот на 25 јули 1308 г. во Goliqueline[5], изјавувајќи дека ги

---

[3] Од овој изворен податок сосема јасно се гледа дека Прилеп во овој договор се споменува како тврдина до чии граници допирале земјите што титуларниот цар му ги „подарувал" на српскиот крал. Сп. К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1994, 163 бел.4; Наспроти ова, постои мислење дека Прилеп во овој договор е вбројан во териториите кои му се отстапени на кралот Милутин. За тоа види кај: В. Мошин - Л.Славева, Договорот на крал Урош, Споменици II, 423; А. Атанасовски, Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половина на XIV. Годишен зборник на Филизофскиот факултет (натаму ГЗФФ), Скопје. Кн. 22 (48), Скопје 1995, 227

[4] В. Мошин - Л. Славева, Договорот на крал Урош, Споменици II, 438-439

[5] Прашањето за убицирање на споменатиот топоним во историската наука е отворено. В. Мошин (Договорот на крал Урош II Милутин со К. Валоа од 1308 г. за поделба на Византиска Македонија, Споменици II, 423) овој топоним го идентификува со Голи Х'лми во призренско; Т. Томоски (Овче Поле во средниот век. ГЗФФ. Кн. 4 (30), Скопје 1978, 249 бел. 30) го застапува мислењето дека Милутин тогаш престојувал на еден важен воен пункт меѓу Нагоричано и Славиште, во близината на рударскиот предел Трновац т.е. на преодот Страцин кој е познат и под назив Гоглин - по планината со тоа име; А. Атанасовски пак (Пијанец во XIII и XIV век, Куманово 1996, 61) повикувајќи се на Убичин, смета дека станува збор за планината Голак по чии ртови минувала српско-византиската граница на тој потег, а имајќи го предвид фактот дека Милутин при ратификацијата на договорот го побарал и Штип бидејќи го „држи", тој дошол до заклучок дека Милутин бил воено ангажиран на исток и затоа се нашол под Голак. Не навлегувајќи подлабоко во прашањето за убицирање на посочениот локалитет, сметаме дека тезата за присуството на Милутин во источна Македонија (Гоглин или Голак?) е сосема логична и најмногу се доближува до историската вистина, имајќи го предвид, притоа, военото ангажирање на српските војски околу заземањето на Штип пред 25 јули 1308 г.

разбрал и ги прифатил сите спогодби што неговите повереници ги направиле со императорот (Карло Валоа б.н.) и дека тоа го потврдил лично, заколнувајќи се на Евангелието, зад короборацијата со наведување на местото и датумот на ратификацијата и со набројување на сите присутни сведоци на кралот Милутин и императорот Карло Валоа, во кратката белешка внесен е мошне важен исклучок:

„Castrum autem nomine Stip supradictum, **quod possidemus cum suis pertinentiis**, nobis et nostris successoribus retinemus nec ad dimittendum illud pretextu juramenti predicti intendinus obligari. Datum ut supra anno et die predictis.“ (А гореименуваната тврдина Штип, **којашто ја поседуваме заедно со пределот што ѝ припаѓа**, ја задржуваме за себе и за нашите наследници и не сакаме да нè обврзе гореспоменатата заклетва како поттик да ја дадеме. Датум ист како горе, година и ден како што се горе наведени.)[6]

Привrзаниците на првото мислење го земаат како силен аргумент токму овој гореспоменат исклучок за потврдување на нивната теза дека Штип е освоен уште во првите Милутинови походи во Македонија. Но, изворните податоци кај биографот на Милутин - архиепископот Данило - говорат за тоа дека Милутин при својот поход во Македонија во 1282 г. ги освоил следниве градови и области: „...прво ги зазеде двата Полога со нивните градови и областа, и славниот град Скопје, потоа Овче Поле и Злетово и Пијанец...“[7] Оттука, сосема јасно се гледа дека Штип не бил освоен при овие српски навлегувања во Македонија туку и понатаму останал во составот на Византија.

За сеопфатно разгледување на издржливоста на второто мислење кое постои во историографијата, според кое Милутин не го поседувал туку само полагал право на Штип, потребно е пошироко да се согледа ситуацијата на Балканот и околу него во третираниот период.

Наспроти евидентниот подем на моќта и влијанието на Карло Валоа на Запад, олицетворено преку формираниот сојуз за војна про-

---

[6] В. Мошин - Л.Славева, Договорот на крал Урош ... ( Видимација на Филип Убавиот која содржи: прифаќање и одобрување на претходниот договор од Урош, дадено во Голикелан на 25 јули истата 1308 г.), Споменици II , 424 , 440 - 443 каде што во продолжение на текстот се вели дека Карло Валоа заедно со Катерина Куртене се согласиле на решеното објавување и изрично го одобриле и го примиле како објавено и во јавна форма воведено „... Објавено во Париз 1313 г.“

[7] Животи краљева и архиепископа српских, написао Данило и други, издао Ђ.Даничић (натаму Данило ... ), Загреб 1866, 108 -109. Сосема спротивно на овој изворен податок Јиречек (Јиречек - Радонић, Историја Срба. I, Београд 1952, 197) констатира дека при потпишувањето на договорот меѓу Милутин и Карло Валоа „за Скопје и Полог воопшто не станало збор, а исто така и Штип бил исклучен“ односно Штип бил во составот на српската држава уште од времето кога биле освоени Скопје и Полог.

тив Византија,[8] Милутиновата положба на Балканот станала незавидна. Имено, Милутиновиот договор за мир со Византија од 1299 г.[9] не наишол на одобрување кај соседите на Србија, а ни кај неговиот брат Драгутин кој сметал дека е директно загрозен од него.[10] Така веќе во 1301 г. започнал отворен вооружен судир меѓу браќата, при што очекувањата на кралот Милутин дека во Византија ќе најде силен сојузник и значителна помош против братот само делумно се оствариле.

Самата Византија, пак, соочена со опасноста од навлегувањето на Турците, Венецијанците, Бугарите, Каталонците длабоко на нејзината територија, не била во состојба на својот штитеник, кралот Милутин да му пружи ниту доволно ефикасна, ниту доволно долготрајна помош.[11] Имајќи го сето тоа предвид, кај Милутин сè повеќе еволуирала мислата дека Византија би можело да ја снајде она што и се случило еден век порано, а Србија бездруго, би требала да се осигура при една ваква евентуалност. Оттука, природно е Милутин да почне да се приближува кон оние сили кои подготвуваат акција против Византија за обновување на Латинското Царство, дотолку повеќе што и неговиот брат Драгутин сметал на нив.

Западната коалиција ја искористила укажаната прилика и во 1308 г. го вовлекла Милутин во своите освојувачки планови.[12]

Но, оние историчари кои сметаат дека Милутин само полагал право на Штип, но не го освоил, го игнорираат новонастанатото групирање на моќни држави против Византија, каде што активно се вклучила и Србија и го застапуваат мислењето за постоење добри односи меѓу Србија и Византија во посочениот период. Главен аргумент, притоа, е повелбата што ја издал царот Андроник II, по молба на кралот Милутин, со која се потврдува Милутиновиот подарок, манастирот Св. Никита (Скопско, б.н.), на хилендарскиот пирг Хрусија и која е со дата од мај 1308 г.[13]

---

[8] Поопстојно: Историја српског народа, 455-456; Г. Острогорски, н.д., 590, 599.

[9] Византијски извори за историју народа Југославије (натаму ВИНЈ). Том VI, Београд 1986 со опширен коментар и најважна литература, 54-55 бел. 111-111а, 116-117бел. 72.

[10] В. Мошин, Балканската дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин, Споменици II, 191-192; М. Динић, Однос између краља Милутина и Драгутина. Зборник радова византолошког института (натаму ЗРВИ). Књ. 3 , Београд 1955, 58; ВИНЈ, VI, 56 бел. 113; Историја српског народа , 447-448.

[11] Г.Острогорски, н.д., 594-598 .

[12] Запад - на прво место Неаполскиот двор и Римската курија - го сметал српскиот крал за свој природен сојузник во идните борби со Византија, имајќи ги предвид, како традиционалните политички врски на Немањиќите со Анжујците, така и Милутиновите роднински врски со католичките династии, а неговиот мир со Византија од 1299 г. како привремена епизода во српската меѓународна ориентација.

[13] Оваа повелба е сочувана само во словенски превод. Види: Р.М. Грујић, Три хиландарске повеље. Скопско научно друштво. Зборник за историју јужне Србије и суседних области, Скопље 1936, 3, 24-26. Сп. и В. Мошин, Манастирот Св. Никита во Скопска Црна Гора и хиландарскиот пирг Хрусија. XI Превод на грамотата од царот Андроник II Палеолог за манас-

Така, Диниќ особено нагласува дека во временскиот интервал на потпишување на договорот во Франција и неговото ратификување во Србија, меѓу Карло и Милутин се случила посоченава повелба која, според Диниќ, недвосмислено претставува доказ дека Милутин не ги раскинал отворено врските со Византија, што противречи на можноста за византиско-српско непријателство во тој период.[14] Диниќ, повикувајќи се на Пахимер и Метохит, оди дотаму што како потврда на добрите византиско-српски односи го посочува престојувањето на царицата Ирина во Солун (1304 г.) и нејзината интенција да ја посети Србија.[15]

Меѓутоа, како што покажа В. Мошин во студиите за грамотите на крал Милутин, горенаведената повелба на царот Андроник II, од мај 1308 г., претставува очигледен подоцнежен фалсификат, а нејзиното датирање треба да се бара некаде во 1299 - 1300 г.[16] Овие истражувања на Мошин широко ги отворија вратите за појава на третото мислење во историската наука за паѓањето на градот Штип под српска власт во 1308 г.

Имено, наспроти оваа дискутабилна повелба, постојат посредни и непосредни сведоштва за византиско-српски воени судири во третираниов период, кои како такви, индиректно фрлаат сенка на посоченава повелба укажувајќи на тоа дека во мај 1308 г. кралот Милутин воопшто не можел да го моли византискиот цар за потврдување на неговата грамота издадена на Хилендар.

Токму тогаш, имено, Византија преживувала многу тешки моменти. Наемените платеници за борба против Турците во Мала Азија, познати како Каталонска Компанија, се одметнале од Византија и почнале да ги ограбуваат нејзините балкански територии.[17] Во 1308 г. нивните напади достигнуваат кулминација со напаѓањето на Солун,

тирот Св. Никита (1299-1300) дополнета со податоците за предавањето на манастирот Св. Никита на хиландарскиот пирг Хрусија (според исчезнатата грамота на кралот Милутин), со датум мај, VI индикт, 1308 година (натаму Манастирот Св. Никита б.н.), Споменици I, 317-323.

[14] М. Динић, н.д., 62-63; истото мислење го застапува и С.Ћирковић во Историја српског народа, 457 кој подоцна се премислува и во својата студија за Штип (Штип у XIV веку. Зборник на трудови посветени на академикот Михајло Апостолски. Скопје 1986, 27) го застапува мислењето дека, сепак, имало воен судир меѓу Византија и Србија во овој период. Сп. и Б. Ферјанчић, Михајло IX Палеолог (1277-1320). Зборник Филозофског факултета . XII - 1. Споменица Георгија Острогорског, Београд 1974, 348 -349; К. Петров, Преглед на сакралните споменици во Скопје и околината од XI до XIX век , Споменици I , 81 , 82.

[15] За вистинските намери на царицата Ирина при нејзиниот престој во Солун види: ВИНЈ VI , 61 - 62 бел. 135 , 136.

[16] В. Мошин, Повеља краља Милутина - дипломатичка анализа. Историјски часопис, Београд 1971,70-84 (посебно стр.73-74). Види и: В. Мошин, Манастирот Св. Никита, Споменици I, 317-323.

[17] За нивното пустошење на Балканот поопширно види: М. Живојиновић, Житије архиепископа Данила II као извор за ратовање Каталонске Компаније. ЗРВИ. Кн. 19, Београд 1980, 251-272; Сп. и Јиречек-Радонић, н.д., 196; Б. Ферјанчић, н.д., 343-346; Историја српског народа, 457-458; Г. Острогорски, н.д., 596 -599.

откако претходно, во почетокот на истата година,[18] Компанијата му положила заклетва на верност на Карло Валоа.

За време на овие бурни настани, К. Јиречек, се чини со право, смета дека кралот Урош II (Милутин) ги напуштил Грците.[19] И не само тоа, Милутин користејќи ја тешката положба на Византија, а сакајќи да му се додвори на Карло Валоа, започнува перманентни воени акции во пограничните области. Потврда за овие настани наоѓаме во сведоштвото на Тома Магистер (познат и како Теодул Монах) според кого заповедникот на Солун, византискиот војсководач Хандрин: „Τοῦ δέ Τριβαλλῶν ἄρχοντος τὰ πρὸς Ῥωμαίους ἠθετηκότος... ξυμβαλόντες ἀλλήλοις, εν τοῖς ἐκείνων ὁρίοις ἐμάχοντο. Τοῦ δέ πολέμου καρτεροῦ γιγνομένου... οὕτω ταῦτα περιέστησε Χανδρηνὸς... τῶν δέ πολεμίων τοὺς μέν πλείους διειργασμένος...“[20] (Кога архонтот на Трибалите ги прекршил договорите со Ромеите... меѓусебно судирајќи се, во оние граници (на Трибалите - б.н.) војуваа. Откако војната станала жестока... Хандрин им се спротиставил... многумина од непријателите уништувајќи...)

Оттука, недвосмислено произлегува дека имало византиска воена интервенција во пограничните територии со Србија, а не како што М. Диниќ, осврнувајќи се на овој податок од византискиот ретор, а застапувајќи го ставот за добрите српско-византиски односи во тоа време, дошол до констатација дека Тома Магистер реторски преувеличувал некаков локален пограничен судир.[21]

За тоа дека имало повеќе судири меѓу Србија и Византија, се чини, сведочи уште една беседа на Тома Магистер која во историската

[18] М. Живојиновић , н.д., 266 бел. 81. Сп. и Ј. Белчовски, Опис на Источна Европа од 1308 година. Descriptio Europae orientalis. Текст според издание на O. Górka, со превод на македонски јазик од Ј. Белчовски, Споменици II, 447 бел. 2 каде што посочува дека авторот на текстот, О.Горка дошол до заклучок дека К. Валоа уште во првите три месеци од 1308 г. успеал да ги придобие Каталонците и да го опседне Солун. Во коментарот на ВИНЈ VI Ќирковиќ - Ферјанчиќ неправилно истакнуваат дека Каталонците му положиле заклетва на К.Валоа уште во летото 1307 г. (ВИНЈ VI , 182 бел. 59).

[19] Јиречек - Радонић, н.д., 197; истото мислење е застапено и во Historija naroda Jugoslavije. Tom I, Zagreb 1953, 374

[20] J.P. Migne, Patrologiae Graecae (натаму PG), tomus CXLV,1865, col.364 C - 365 A .Сп. и: ВИНЈ VI, 613 -614 бел. 9 каде што Радошевиќ во коментарот по овој текст истакнува дека овој извадок се користи како податок за нарушување на „инаку добрите византиско-српски односи“, а целиот овој настан го става во временскиот интервал 1308 - 1310 г.; М. Живојиновић , н.д., 267 која овој настан, се чини со право, го става после доаѓањето на дел од Турците, кои биле во составот на Каталонската Компанија, во Србија во 1309; Види и : Ј. Белчовски, н.д., Споменици II, 453 кој, повикувајќи се на Јиречек, настанот погрешно го лоцира во 1308 г.

[21] М. Динић, н.д., 63 - 64 кој повикувајќи се на Ласкарис (Византијске принцезе у средњовековној Србији, Београд 1926, 78) овој настан го поврзува со врбување наемници од страна на Милутин кога се спремал да ја заврши војната со брат му Драгутин . Сп. и: Историја српског народа, 458; М. Живојиновић, н.д., 268 - 269.

наука е сосема маргинализирана и која, при нејзиното последно издание во ВИНЈ VI, е насловена како „Големиот стратопедарх Ангел им влева страв на Србите“, временски лоцирана околу 1310 г.[22] Имајќи предвид дека Големиот стратопедарх Ангел во периодот од 1305 г. до 1311/12 г. своите должности ги извршувал на територијата на Македонија и Тракија, логично е да се претпостави, како што и самата Радошевиќ во коментарот по овој текст овој настан го поврзала со периодот на заладување на српско-византиските односи дека „Τριβαλλοῖς δὲ φόβον ἐνέθηκας“[23] (влевање страв на Србите) можело да се случи само во периодот 1308-1310 г.[24]

Не навлегувајќи подетално кога точно би можело ова да се случи (што е многу тешко да се утврди поради денешната состојба со изворни податоци за него), за нас е значајно дека овој податок ја поткрепува размислата дека во пограничниот реон со Србија, поради српските напади, Византија била принудена во неколку наврати воено да интервенира.

За овие српско-византиски судири, бездруго сведочи и еден натпис во Старо Нагоричино (на манастирот Свети Ѓорѓи) каде што се вели дека натписот е завршен : „...вь д(ь)ни кралѣа оуроша... ѥги сє краль раꙁ’мири ꙁ’(Г)рьки, вь лѣт(о) · ѕ҃ · ѿ҃ · и · й҃ · сотно ѥньдикто · л҃· є҃· ...“.[25] Самиот издавач на натписот, Љ. Стојановиќ во белешката за годината на натписот вели дека е нејасна „а исто така и оноа з’(Г)ркъı , бидејќи околу 1308 г. Милутин веќе немал војни со Грците“.[25a] За истиот натпис слично мислење дал и М. Диниќ кој, опонирајќи му на М. Ласкарис, според кого натписот е „несомнено подоцнежен од г. 1300“, вели дека неговото датирање е 6808 (01.IX.1299- 31.VIII.1300) и дека тоа се потврдува и со фактот што вистинска војна меѓу Милутин и Византија по 1299 г. воопшто немало.[26] Но, имајќи ги предвид нарушените српско-византиски односи, на мислење сме дека годината дадена во натписот · ѕ҃ · ѿ҃ · и · й҃· соодветствува на 6818 година, според византиското сметање на времето (а не на 6808), која, пак, одговара на пери-

---

[22] ВИНЈ VI , 612 - 613

[23] PG 145, col. 377 C

[24] ВИНЈ VI, 612-613 бел. 3,6

[25] Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи. Књ. I , Београд 1902, 15-16

[25a] Исто, бел.1 каде што натписот временски го лоцира околу 1300 г. (Љ. С. 1300?) .

[26] М. Динић, н.д., 63. Б. Тодиќ, Старо Нагоричино, Београд 1993,25 кој исто така вели дека натписот е од 1299/1300 година и застапува мислење дека тогаш кралот Милутин склопил мир со Грците (сє раз’мири з’(Г)рьки). Но, М. Ласкарис (Византијске принцезе, 77 бел. 1 и 78 бел. 4) посочува дека сепак српско-византиските односи биле нарушени.

одот од 01.IX.1309 до 31.VIII.1310 г.[27] и сосема коинцидира со тогашната реална ситуација на теренот и како таква целосно ја прифаќаме.

За влошените српско-византиски односи, се чини, може да се наслути и посредно преку, како што укажа В. Мошин, заладувањето на нивните дипломатски односи. Тоа пред сè се согледува во отсуството на грчки повелби (владетелски акти и официјални државни акти) за потврдување на нови земјишни поседи на манастирот Хилендар и тоа во периодот по 1300 г. па сè до 1313 г. Впечатлив е контрастот меѓу периодот од 1301 г. до 1312 г. кога во архивата на Хилендар нема ниту еден документ од грчки владетели и идните години по 1313 г. до 1321 г., исполнети со непрекината серија од „парни“ грамоти, наспроти сведоштвото од хилендарските биографии, па и српски исправи, за одржувањето на постојана врска меѓу Српскиот двор и Хилендар во посочениот период.[28]

Бездруго и примањето на делот од турските војски под водство на Мелик, кои биле во составот на Каталонската Компанија, по нивното разијдување со Компанијата, во служба на Милутин[29] и нивното населување во Србија, секако дека имало негативен одраз во српско-византиските односи. Потврда за тоа наоѓаме кај Тома Магистер кој вели дека откако архонтот на Трибалите ги прекршил договорите со Ромеите „...τοῦ μὲν Πέρσας περὶ ὑποκίσασθαι πειρωμένου...“[30] (...презел населување на Турците наоколу...). Оттука произлегува дека давањето на прибежиште на дел од наемниците кои се одметнале од Византија и во текот на три години ги пустошеле нејзините балкански провинции можело да се случи само во услови на крајно затегнати или видно нарушени взаемни односи, какви што биле српско-византиските во критичниот период.

Ако се има предвид ситуацијата на Балканот и пошироко, лавирањето на кралот Милутин меѓу Византија и Запад, посредните и непосредните сведоштва за нарушените српско-византиски односи по 1308 г., присуството на српската војска и Милутин во јужните територии на српската држава,[31] при ратификување на договорот на 25

---

[27]В. Мошин, Балканската ... , Споменици II, 194, прави превид кога, дешифрирајќи ја годината од натписот како 6818, вели дека одговара на периодот од 01IX.1307 до 31.VIII.1308 година и додава дека „навистина во 1308 г. одел Радиновиот запис (со таинственото ·ѡ· и ·и· стотна година)“ и дека токму тогаш кралот „го размирил т.е. го раскинал договорот со Грците“.

[28] В. Мошин, Манастирот Св. Никита, Споменици I, 265; Истиот, Балканската ... , Споменици II, 193, 194 ; Сп. и М. Живојиновић , н.д., 257 - 258, бел. 41

[29] Данило, 143 ; Сп. и ВИНЈ VI , 182-183 бел. 60

[30] PG 145, col. 364 C

[31] Види белешка 5 погоре во текстот.

јули 1308 г., самата формулација на текстот за поседување на Штип при оваа ратификација и условите под кои е дојдено до неа, тогаш неминовно се доаѓа до заклучок дека сето ова горенаведено недвосмислено оди во прилог на констатацијата дека Србите во летото 1308 г. го поседувале градот Штип.

Оттука, тезата дека Милутин само полагал право, но не го поседувал Штип во 1308 г.,[32] не само што не е изворно потврдена туку и не соодветствува со реалната состојба на теренот. Имено, доколку ја прифатиме оваа теза не ќе можеме да одговориме на едно, бездруго, суштествено прашање кое притоа неминовно се наметнува: Зошто Милутин полагал право токму на Штип (ако знаеме дека градот не е освоен во претходните Милутинови походи во Македонија, нешто што експлицитно го посочил и биографот на Милутин)[33], а не, на пример на Прилеп, Просек или Струмица, имајќи ја предвид нивната супериорна геостратешка положба во овој регион? Неспоредливо би било да се прават компарации на значењата на овие градови (Штип - наспроти Прилеп, Просек, Струмица) во средновековието.

Самиот датум на ратификацијата на договорот претставува сигурен terminus ante quem за заземањето на Штип од Србите. Аналогно на тоа неспоменувањето на Штип претходно, при склучувањето на договорот во Франција на 27 март 1308 г., очигледно упатува на констатацијата дека Штип сè уште се наоѓал во составот на Византија и заедно со градовите Прилеп и Просек (посочени во гореизнесениот извадок од Договорот) недвосмислено претставуваат посед и составен дел на државата на Карло Валоа. Оттука, овој датум го предлагаме за terminus post quem за паѓањето на Штип под српска власт. Заради денешната состојба со изворни податоци за конкретново прашање, оваа временска рамка не би можеле повеќе да ја стесниме и предлагаме освојувањето на Штип временски да се лоцира помеѓу мартовското и јулското преговарање меѓу Милутин и Карло Валоа, а секако пред втората половина на јули 1308 г., кога придружниците на Карло Валоа, по тоа прашање, биле ставени пред свршен чин.[34]

---

[32] Т. Томоски, Штип во периодот од XII-XIV век. Штип низ вековите. I, Штип 1986, 176. Но, во неговата прва студија во која е засегнато ова прашање (Т. Томоски, Исправки и дополненија на некои карти од средновековната историја на Македонија, ГЗФФ, Кн. 7, Скопје 1954, 116) посочува дека „рекламацијата на Милутина зборува за привременото заземање на градот од страна на Србија“. Подоцна тој го менува своето мислење и во сите наредни студии кои го третираат овој проблем го застапува ставот дека Милутин само полагал право, но не го поседувал градот Штип во 1308 г.

[33] Данило, 108-109.

[34] Во прилог на констатацијата за привремено освојување на Штип од страна на Србите се изјасниле: Т. Томоски, Исправки, 116; С. Ћирковић, Штип у XIV веку, 27; В. Мошин, Договорот на крал Урош, Споменици II , 427; М. Благоевић, Србија у доба Немањића, Београд 1989, 109

Но, Штип не останал перманентно во составот на српската држава. Најверојатно, во следните неколку години, откако Византијците ги консолидирале своите редови, а секако по заминувањето на Каталонската Компанија од Македонија и дефинитивното распаѓање на сојузот на Карло Валоа,[35] успеале да воспостават контрола над немирната српско-византиска граница и да го вратат во свои раце градот Штип.

Но, во отсуство на директни сведоштва за повторното враќање на Штип во составот на Византија, ќе се послужиме со индиректни податоци кои недвосмислено одат во прилог на гореизнесеното наше мислење.

Имено, грамотата на Андроник II за рускиот манастир Св. Пантелејмон на Света Гора, издадена во октомври 1311 г., со интервенција на „...περϊποθήτω υἱῷ καὶ γαμβρῷ τῆς βασϊλεί(ας) μου κῦρ Στεφάνω τῷ Οὖρεσϊ." (возљубениот син и зет на царството ми господинот Стефан Урош.),[36] бездруго сведочи за повторното зближување на Србија и Византија.

Кон ова се надоврзува и обраќањето на Андроник II до српскиот крал Милутин за испраќање на српски војски кои, пак, од своја страна, во два наврата во периодот 1312/13 г., заедно со византиските одреди, дејствувале против Турците во Тракија и Мала Азија.[37] Најверојатно, ова зближување на Србија и Византија се темелело не само на нивната династичка поврзаност, но и на нивниот договор за мир од 1299 г. Оттука, претпоставуваме дека српско-византиската граница не би требало да биде различна од онаа зацртана во 1299 г., според која Штип, како истурена византиска тврдина, влегувал во составот на Византија.

Во прилог на фактот дека Штип по српско-византиското помирување, најдоцна до октомври 1311 г., бил во составот на Византија, посредно доаѓаме до сознанија и од повелбата на кралот Милутин од 1320/21 г., со која го дарува манастирот Грачаница со имот и со права. Притоа, подарените села и земји кои се наоѓале „... и по Враню и по Славищоу и по ... и по Злетовои и Морозвиздоу и по Полозѣхь..." ги дава под јурисдикција или на липљанската или на призренската епископија.[38] За нас оваа повелба е битна затоа што ги кажува и најјужните територии на српската држава во 1320/21 г. во источниот дел на Македонија, а притоа го нема вброено Штип или имоти во неговата околина.

---

[35] За овој настан поопстојно кај: В. Мошин, Договорот на крал Урош, Споменици II, 427; Г. Острогорски, н.д., 601.

[36] Actes de Saint-Pantéléèmôn. Ed. P. Lemerle, G. Dragon, S. Circovic, Paris 1982, 95. Спореди и: В. Мошин, Акти из светогорских архива. Споменик СКА. XCI, Београд 1939, 67 бел. 2. Види и: В. Мошин, Договорот на крал Урош, Споменици II, 428 бел. 33; М. Динић, н.д., 63 бел. 50а.

[37] Данило, 145-148; ВИНЈ VI, 185 бел. 62 и 187-188.

Во тој контекст, се чини, треба да се земе предвид и ктиторската дејност на кралот Милутин. И покрај повеќето од четириесетте обновени, реставрирани и новоизградени цркви и манастири, кои му се припишуваат на Милутин, ниедна не е забележана во Штип, ниту пак во неговата околина. Така, познати се цркви и манастири кои Милутин ги изградил или обновил: во Полог,[39] Скопје и Скопско,[40] Овче Поле.[41] Тука сосема намерно ги посочуваме овие области - истите кои први влегле во составот на српската држава уште во 1282 г. Присуството на цркви и манастири во нив, наспроти Штип - каде што првите српски цркви се изградени дури по 1330[42] г. - јасно сведочи до каде одела граничната линија меѓу Србија и Византија за време на владеењето на крал Милутин.

Не помалку важен е и податокот за вбројување на Штип во „Грчка земја" во познатата Душанова повелба од 1348 г. за манастирот Хилендар во која хилендарските територии во Царството се поделени на села и метоси по српската и по грчката земја (по Срьблѥх и по Романїи) , каде што под посебен наслов „Села по земли срьбскои" се наведени 38 села и метоси одвоено од 24 грчки села и метоси, кои се ставени под наслов „И землꙗ гречечска, и сиꙗ зи села сь междами и сь правинами си".[43] Оваа поделба, според Љ. Максимовиќ, во географска смисла, во целост одговара

---

[38] М. Павловић, Грачаничка повеља. Гласник Скопског научног друштва. III, Скопље 1928, 132 ; Сп. и Т. Томоски, Исправки , 116; Истиот, Морозвиждска епископија. Културно наследство VII (1976-1978), 94-95, бел. 9

[39] С. Николовска, Изградени и обновени манастири и цркви од кралот Милутин, Споменици II, (509-519), 510

[40] С. Николовска, н.д., Споменици II, 510, 517; Историја српског народа, 466,482; К. Петров, н.д., Споменици I, 81-82; К. Илиевска, В. Мошин, Л. Славева, Грамоти на манастирот Св. Георги - Горг Скопски. Текстови. Подготвиле: К. Илиевска, В. Мошин, Л.Славева . Грамота на крал Милутин, Споменици I, 238; М. Благоевић, Србија у доба Немањића,133, 135; В. Марковиќ, Православно монаштво и манастири у средњевековној Србији, Сремски Карловци 1920, 92

[41] Во Овче Поле Милутин ја изградил црквата посветена на Св. Никола на р. Пчиња под градот Кожле во 1313 г. Види кај: Т. Томоски, Овче Поле во средниот век, ГЗФФ, Кн. 4 (30) Скопје 1978, 250; Сп. и: Историја српског народа, 482 ; М. Благоевић, Србија у доба Немањића, 135; В. Марковиќ, н. д., 92

[42] За тоа поопширно види: К.Балабанов, Споменици на културата во Штип и околината, ASTIBO-Штип 185-186; Т.Томоски, Штип во периодот од XII-XIV век, 180-184; С. Ћирковић, Штип у XIV веку, 28, 31. Сп. и С.Ћирковић, Хрељин поклон Хиландару, ЗРВИ. XXI, Београд 1982 , 104

[43] С. Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912, 420-423; Сп. и Љ. Максимовић, Порески систем у грчким областима српског царства. ЗРВИ XVII, Београд 1986, 105; С.Ћирковић, Штип у XIV веку, 27 кој посочил дека на овој податок „треба да му се придаде НЕКОЕ значење" во смисла на останувањето на Штип во составот на Византија по влошувањето на српско-византиските односи 1308-1311г.; види и С. Ћирковић, Хрељин поклон, 108 - 109 бел. 19

како на содржината на Григорините вести за Душановото официјално санкционирање на разликите, по прогласувањето на Царството, кои во неговата држава постоеле помеѓу старите српски земји и областите постепено одземени од Византија, така и на зоните со различни начини на стопанисување.[44] Притоа, посебен акцент треба да се стави на територии-те кои заедно со Штип се ставени во „Грчка земја", каде што се вброени: освен имоти во Штип; и селото Карбинци на Брегалница; и одделен број села „ниже Строумице"; и имоти во Просек, и...[45] Овој податок е мошне интересен и нè упатува на размисла дека цар Душан секако знаел кои територии се стари српски тековини - од времето на Милутин и пред него, а кои се подоцна освоени - во последните години на владеењето на Стефан Дечански и за време на неговите (Душанови - б.н.) освојувања.

Впрочем и самиот факт кај продолжувачот на Данило за паѓањето на Штип под српска власт во времето на Стефан Дечански[46] јасно упатува на констатација дека градот Штип, по критичниот период во српско-византиските односи, не останал во составот на Милутиновата држава.

Оттука, враќањето на Штип во составот на Византија временски би можело да се лоцира пред октомври 1311 г. (од кога датира повелбата на Андроник II за рускиот манастир Св. Пантелејмон, по претходна интервенција на Милутин), датум кој го прифаќаме за сигурен terminus ante quem за враќањето на Штип на Византијците, а за terminus post quem го предлагаме периодот на консолидирањето на византиските сили во Македонија, по заминувањето на Каталонците од неа и византиската воена интервенција кон српската граница олицетворена во походот на солунскиот заповедник Хандрин во 1309 г. Веројатноста за заземањето на Штип при овој поход или при интервенцијата на Големиот стратопедарх Ангел кон Србите или при некои други византиски акции на границата е голема. Но, поради денешната состојба со изворни податоци, каде што не се сретнува конкретен податок за овој проблем, не сме во состојба овој временски интервал (1309 - октомври 1311) да го стесниме или, пак, да посочиме конкретна временска локација кога Штип е вратен во византиски граници.

---

[44] Љ. Максимовић, н.д., 101-102, 105 кој притоа вели дека на една страна се: Плав, Зета, Морава, Пилот, Липљан, Призрен и Полог, а на друга страна се: Просек, Штип, Брегалница, Струм, Струмица, Редина (и можеби Скопје). Сп. и М. Благоевић, Земљорадња у средњовековној Србији, Београд 1973, 340 - 343; Л. Славева, Проблемот на дуалистичката управна структура во Душановата империја „Србија и Романија". Историја, год. XX бр. 2, Скопје 1984, 297.

[45] С. Новаковић, н. д., 423

[46] Данило, 197, каде биографот на Дечански вели дека на господинот крал (Стефан Дечански б. н. ) му се предале: „градь славьныи Велєсь, градь Просѣкь, градь Штипь, градь Үрѣшьүє, градь Доброүнь".

## SUMMARY

Boban PETROVSKI

### ATTACHMENT TO THE ISSUE OF FALLING OF STIP UNDER SERB RULE IN THE FIRST DECADE OF THE XIV CENTURY

***Key words:*** *Serbia, Byzantium, Latin Empire, Charles of Valois, Milutin, Peace and friendship treaty, Stip, Macedonia.*

In the first decade of the XIV century the peaceful relations between Serbia and Byzantium were disrupted because of the reanimated initiative of the West for restauration of the Latin Empire taken by Charles of Valois. The Serb king Milutin, taking into account the unenviable position of Byzantium, and when the accomplishment of the plan of Charles of Valois looked very realistic, initiated contacts with him and at the same time resumed the military actions aimed at the border areas and towns of Byzantium, thus destabilizing once again the border between Serbia and Byzantium. On the occasion of such an action, in the period of signing ( March 27, 1308 in France ) and ratification ( July 25, 1308 in Serbia ) of the well known „Peace and friendship treaty" between Charles of Valois and Milutin, the Serbs conquered the town of Stip.

However, Stip didn`t remain forever within the Serb State. In the period of consolidation of the Byzantium authority in Macedonia after 1309, and surely before October 1311, Stip was regained and entered Byzantium again.